Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

Бр. 23-3480/25

13.05.2020 година

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02 и 82/08) и член 112 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/19), Министерот за здравство, донесе:

# О Д Л У К А
## За избор на најповолна понуда

Министерство за здравство на РМ – Скопје, отпочна **постапка со преговарање без објавување оглас** бр. 23-3480/2 со предмет на набавка **Немедицинска опрема за потребите за доопремување на модуларната монтажна болница заради формирање на Регионален Ковид центар во непосредна близина на ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби** согласно тендерската спецификација, објавена на веб станата на Министерство за здравство.

За најповолна понуда во Постапката на јавната набавка **Немедицинска опрема за потребите за доопремување на модуларната монтажна болница заради формирање на Регионален Ковид центар во непосредна близина на ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби** бр. 23-3480/2 за доделување на договор за јавна набавка се избираат понудите:

**ДЕЛ1). Набавка, транспорт и монтажа на професионална не-медицинска опрема**

| РБ | Понудувач | Понудена цена без ДДВ |
|---|---|---|
| 1 | ДПТУ Брако ДОО | 619,545,00 |

**ДЕЛ 2. Набавка, транспорт и монтажа на намештај за опремување на лекарски соби**

| РБ | Понудувач | Понудена цена без ДДВ |
|---|---|---|
| 1 | Мебел Годименто ДООЕЛ ПРИЛЕП | 165,555,00 |

**Дел 3) Набавка, транспорт и монтажа на Веницијанер ролетни и матирање на површини од стакло со пескарена фолија на прозори и врати**

| РБ | Понудувач | Понудена цена без ДДВ |
|---|---|---|
| 1 | Соникс ДООЕЛ Скопје | 58.000,00 |


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112500 www.zdravstvo.gov.mk

**Дел 4 Изработка, транспорт и монтажа на 2 монтажни единици (сместувачки) формирани од по три контејнери или „евивалентно**

| РБ | Понудувач | Понудена цена без ДДВ |
|---|---|---|
| 1 | КЕН ПАНЕЛ МОНТИНГ | 835.000,00 |

Договорниот орган во оваа постапка согласно објавениот оглас и тендерската документација има предвидено Изјава за сериозност на понудата. Договорниот орган ја активира изјавата за сериозност на понудата ако понудувачот:

- ја повлече својата понуда пред истекот на периодот на нејзината важност,
- не ја прифати исправката на аритметичките грешки од страна на комисијата,
- не го потпише договорот за јавна набавка согласно со условите од тендерската документација и доставената понуда или
- не обезбеди банкарска гаранција за квалитетно извршување на договорот ако договорниот орган ја предвидел во тендерската документација.

Доколку дојде до прекршување на Изјавата за сериозност, договорниот орган во ЕСЈН објавува негативна референца што резултира со исклучување на предметниот понудувач од сите идни постапки за јавни набавки во период од шест месеци од денот на објавувањето. Периодот на исклучување од овој став се зголемува за дополнителни три месеци при секоја наредна негативна референца, но не повеќе од една година.

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на член 77 од Законот за јавни набавки набавки ("Службен весник на РМ" бр. 24/19) Министерост за здравство на РМ – Скопје, преку комисијата за јавни набавки формирана со Одлука за јавна набавка бр. 23-3480/1 од 29-04-2020 година спроведе постапка за потреба од јавна набавка на: Немедицинска опрема за потребите за доопремување на модуларната монтажна болница заради формирање на Регионален Ковид центар во непосредна близина на ЈЗУ Универитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби. Износот на средствата од 3.345.576,00 денари потребни за реализација на набавката. Средствата се обезбедени од Буџетот на Министерство за здравство, донациска сметка 19001 00434 785 К2.


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112500 www.zdravstvo.gov.mk

Согласно со член 55 став 6 од Законот за јавни набавки се спроведе со преговарање без објавување оглас.

По објавувањето на постапката бр. 23-3480/2 Комисијата за јавни набавки изврши отварање на пристигнатите понуди на ден 08-05-2020 година во 12:00. часот во просториите на Министерството за здравство на РМ – Скопје, на која со свои понуди учествуваа следните економски оператори:

| Рб | Понудувач | Место | Адреса |
|---|---|---|---|
| 1 | Соникс ДООЕЛ | Скопје | ДУШКО БОЈКОВСКИ бр.4 СКОПЈЕ |
| 2 | ДПТУ Брако ДОО | Велес | РАшТАНСКИ ПАТ бр. 2 Велес |
| 3 | Мебел Годименто ДООЕЛ ПРИЛЕП | ПРИЛЕП | РАДОВИШКА бр. 7/15 |
| 4 | Талија ДООЕЛ | Скопје | ХРИСТО ТАТАРчЕВ бр.1 |
| 5 | Кен Панел Монтинг | Скопје | ГОРНОВРАНОВСКА 186 Б |
| 6 | ЈБТ АРИ И ТОМ ВАЛАНДОВО | Валандово | МАРШАЛ ТИТО 66 |
| 7 | МСС МОБИЛЕ Санитарен сервис | Скопје | ЖДАНЕЦ бр.19-Б |
| 8 | ХИПОМЕД | Скопје | 50-та Дивизија бр.30/1-3, Скопје |

За начинот на работата и постапката спроведена од Комисијата за јавни набавки за наведената постапка состави Записник од отварањето на понудите бр. 23-3480/11 од 08-05-2020 година.

По целосната проверка на документацијата, а согласно утврдените критериуми за избор на најповолен понудувач, Комисијата за јавни набавки изготви и до Министерот достави Извештај од спроведена постапка бр 23-3480/25 од 13.05.2020 година, со кој предлага Министерот на Министерство за здравство на РМ – Скопје како овластен да донесе одлука за избор на најповолен понудувач согласно член 112 од законот за понудите кои во целост ги исполниле условите од огласот (тендерската документација). По спроведените преговори на ден 12.05.2020 годнина со 23-3480/24 каде предмет на преговарање беше цената на понудата со оглед на фактот што сите економски оператори кои беа поканети на преговањето ги прифатија условите од техничката спецификација и рокот на испорака, по завршувањето на преговорите се утврди конечен ранг како што следи:

Понудата на понудувачот Соникс ДООЕЛ Скопје за **Дел 1** е рангирана 2 место.

Понудата на понудувачот Талија ДООЕЛ Скопје за **Дел 2** , е рангирана 2 место.

Понудата на понудувачот ДПТУ Брако ДОО за **Дел 4** , е рангирана 2 место.

Понудата на понудувачот ЈБТ АРИ И ТОМ ДООЕЛ за **Дел 4** , е рангирана 3 место.

Понудата на понудувачот МСС МОБИЛЕ Санитарен сервис за **Дел 4** , е рангирана 4 место.


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112500 www.zdravstvo.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

Понудата на понудувачот ХИПОМЕД ДООЕЛ СКОПЈЕ беше отфрлена согласн член 89 не ги исполнува условите за квалитативен избор, од причина што има доставено по електронски пат (маил) известување за понуда која не е соодветна на бараните технички спецификаци, и понудата не се однесува на бараните делови од техничката спецификација. Не достави задолжително бараната документација, доказ за регистрирана дејност, изјава за сериозност на понудата и изјава за рок на испорака. Од тие причини понудата не беше предмет на понатамошна евалуација.

Имајќи го во предвид горенаведеното, а по оцена на сите факти и докази приложени кон списите на предметот, а особено предлогот на Комисијата за јавни набавки, се одлучи како во диспозитивот на оваа долука.

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против оваа Одлука незадоволниот економски оператор има право да поднесе жалба врз основа на член 138 став 1 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија" број 24/2019). Жалбата се изјавува до Државната комисија во електронска форма, а се доставува истовремено до Државната комисија и договорниот орган преку ЕСЈН, согласно член 145 став (1) од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија" број 24/2019). Жалбата се изјавува во рок од 10 (десет) дена од денот на приемот на оваа Одлука за избор на најповолна понуда согласно член 143 став 1 алинеа 4 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија" број 24/2019).

**МИНИСТЕР**
**Доц. Д-р Венко Филипче**

Подготвил:Сандра Веловска
Прегледал:Тања Пехчевска
Одобрил: Вања Андонова


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112500 www.zdravstvo.gov.mk